ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# Извештај

## за реализирани активности по програмата за работа на ОСБСП за 2023

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во 2023 година во координација со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата реализира активности согласно законските надлежности и согласно Програмата за работа на ОСБСП за 2023 година.

Согласно Програмата за работа на ОСБСП во 2023 година, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата реализира дел од кампањи и активности за подигање на јавната свест за правилно и одговорно учество во сообраќајот, а во соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кој изготвува и дистрибуира сообраќајно едукативни материјали, Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата реализираше и активности кој имаат за цел унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија.

Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во 2023 година одржа четири состаноци на кои се разгледуваше безбедноста во сообраќајот, а како активност која се реализира во 2023 беше:

1. Активност по повод 8 – март и подигање на свеста за улогата на жената во безбедноста на патниот сообраќај.

Активностите од Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 г. како што се точка 5. Кампања за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот–Детски семафор, како и некои други активности поврзани со образовните институции не се реализираа поради мерките донесени од МВР и Министерството за образование поврзани со дојави на бомби во училиштата, а во координација со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата насоката беше дека на ниво на држава нема да се реализираат овие активности.

Другите точки од програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2023 год. не се реализираа главно поради истекување на мандатот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата кој ја координира, одобрува и го финансира реализирањето на задачите на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата почна со работа дури во декември 2023 г, кога Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата веќе ја изготви програмата за работа на ОСБСП за 2024г.

Може да се заклучи дека поради горенаведеното и други објективни околности, како и поради честа зафатеност и други обврски на членовите на Советот, сепак Програмата за работа за 2023 год. делумно се реализира.

Средствата кои се потрошени од Буџетот на Општината за 2023 год за реализација на Програмата за работа на ОСБСП за 2023 изнесуваат 12.000,00 денари.

Општинскиот совет за безбедност
на сообраќајот на патиштата